# НОВО срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 107, Дата: 21. 11. 2011.**


## Денот на благодарноста



Секој последен четврток, во месец Ноември, американскиот народ го одбележува „Денот на благодарноста“. Најчесто, овој ден се одбележува во семејна атмосвера, со богата вечера, при што централното место на трпезата го зазема печената мисирка. Вечерата започнува со молитва за благодарност, за се она што сме го добиле од Бог и во што Тој нé благословил.

Се смета дека потеклото на овој празник е од еден настан, во далечната 1621 година, во колонијалниот Масачусетс. Според некои белешки, околу 50 англиски доселеници изградиле мала колонија, утврдена со дрвен ѕид. За жал, уште во првата година кај нив се појавил недостиг од храна. Плашејќи се да излезат, поради опасност да бидат нападнати од индијанците (домородците), тие биле осудени да гладуваат. Тогаш, во еден студен ден, во доцната есен, се случило нешто неочекувано. Индијанците од племето Вампаноаг покажале необична дарежливост: тие им ја понудиле нивната храна, правејќи гозба со нивните нови соседи. Благодарејќи на гостољубивите индијанци и на Бог, англиските доселеници ја преживеале зимата. Во чест на тој ден, започнал празникот „Ден на благодарноста“, кој се одбележува и до денешен ден.



Македонскиот народ нема ваков празник, посветен на благодарноста кон Бог (и кон другите). Сепак тоа не треба да ни биде изговор, особено на нас, христијаните, да не благодариме. Библијата ги поучува Божјите деца, да бидат благодарни.

- Во Псалм: 118:1 пишува: *„Благодарете Му на Господа, зашто е благ, зашто е вечна Неговата милост!“*
- Апостол Павле вели: *Постојано и за сé заблагодарувајте Му се на Бог, небесниот Татко, во името на нашиот Господ Исус Христос“* (Ефесјаните 5:20)

Во една христијанска песна се вели: *„сети се на сé што си добил и ќе видиш колку добар Бог ти бил“*. Ако, наместо само да се жалиме, се подсетиме на секојдневните добивки и благослови, сигурно би биле многу поблагодарни. За жал, ние луѓето сме брзи да критикуваме или да бараме, а бавни сме на благодарење. Како аргумент на тоа е и фактот дека во црквата многу луѓе доаѓаат да бараат од Бог (во молитва), а сосема малку од нив се враќаат да благодарат за одговорените молитви.

Во едно село, еден човек влегува во селската кафеана, и на глас ги прашува присутните: „денес мојот син, одејќи на училиште се лизнал и паднал во реката. Но разбрав дека некој од вас скокнал и го спасил. Сакам да знам кој го спаси мојот син од давење во реката“. –Јас го спасив“,одговорил некој од присутните. -„А каде му е капата“,прашал незадоволниот татко.

**Од кои луѓе си ти; од оние што благодарат или што ја бараат „капата“?**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**